**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Скопје**
**26.06.2020 година**

## СООПШТЕНИЕ
## за потпишување со квалификуван дигитален сертификат (токен) на фармацевтот/фармацевтскиот техничар при издавање на лек на еРецепт

Со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, е регулирано дека општо прифатен електронски потпис е електронски потпис ако: исклучиво и единствено е поврзан со потписникот и може од него со сигурност да се утврди потписникот. Општо прифатлив електронски потпис со квалификуван сертификат даден во врска со електронски податоци е изедначен со своерачен потпис и затоа има еднаква важност и сила на доказ, како и своерачниот потпис даден во врска со хартиени документи.

Поради тоа при издавање на секој поединечен лек на рецепт на товар на Фондот, фармацевтите/фармацевтските техничари треба еРецептот да го потпише со квалификуван дигитален сертификат (токен) за да се овозможи правна валидност на електронските рецепти. Поради тоа потребно е во најкраток можен рок секој учесник во процесот на издавање на лекови да обезбеди **квалификуван дигитален сертификат (токен).**

Воедно укажуваме дека воведувањето на електронскиот печат и поврзување на електронскиот потпис со времето на издавање на лекот на еРецепт ќе се врши преку системот на Фондот. Поради тоа аптеката нема потреба да набави електронски печат ниту временски печат.

Начинот на кој ќе се врши електронското потпишување со квалификуван дигитален сертификат (токен) на еРецептот подетално ќе биде опишано со Техничко упатство.

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup

Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk